Општина Кочани

**НАЦРТ Б** – интегрирана еколошка дозвола

**Име на компанијата:**
РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ КОЧАНИ

**Адреса:**
ул. „Тодосија Паунов“ бр. 2

**Поштенски број и град:**
2300 Кочани

Број на дозвола: **УП 22-287/6**

**Содржина**

Б-Интегрирана еколошка дозвола
Содржина.......................................................................................................1

Вовед.............................................................................................................2

Дозвола.................................... .................................................................5

1. Инсталација за која се издава дозволата......................................... ...6

2. Работа на инсталацијата .......................................................................9
2.1 Техники на управување и контрола .......................................................9
2.2 Суровини (вклучувајќи и вода) ............................................................10
2.3 Ракување и складирање на отпадот .....................................................12
2.4 Преработка и одлагање на отпад .........................................................15
2.5 Спречување и контрола на хаварии .....................................................16
2.6 Мониторинг..............................................................................................17
2.7 Престанок со работа ..............................................................................18
2.8 Инсталации со повеќе оператори .........................................................18

3. Документација...........................................................................................19

4. Редовни извештаи ....................................................................................20

5. Известувања ..............................................................................................20

6. Емисии.........................................................................................................22
6.1 Емисии во воздух.......................................................................................22
6.2 Емисии во почва ........................................................................................23
6.3 Емисии во вода (различни од емисиите во канализација)...................23
6.4 Емисии во канализација...........................................................................24
6.5 Емисии на топлина ....................................................................................25
6.6 Емисии на бучава и вибрации ..................................................................25

7. Пренос до пречистителна станица за отпадни води ..........................26

8. Програма за подобрување.......................................................................27

9. Договор за промени во пишана форма ................................................28

Додаток 1 .......................................................................................................29

Додаток 2 .......................................................................................................30

**Вовед**

Овие воведни белешки не се дел од Дозволата.

Следната Дозвола е издадена согласно Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22) за работа на инсталацијата што извршува една или повеќе активности наведени во Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план (”Службен весник на Република Македонија” бр.89/05), до одобреното ниво во Дозволата.

**Краток опис на инсталацијата регулирана со оваа дозвола**

Производниот капацитет е лоциран во градот Кочани, во источниот дел од Северна Македонија на околу 120 км од Скопје. Локацијата се наоѓа на патот Велес-Скопје-Куманово и Велес-Гевгелија. Преку овие автопати и други регионални патишта, локацијата е поврзана со сите градови во земјата и со сите соседни држави: Албанија преку Охрид и Струга, Бугарија преку Куманово, Струмица и Делчево, Грција преку Битола и Гевгелија и Србија и Црна Гора преку Куманово и Скопје. Кочани е поврзан со железница со Скопје и оттаму со сите земји од Европа и пошироко.

Друштвото за производство на делови и прибор за моторни возила РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ Кочани е лоцирано во источниот дел од градот на КП бр.14670/34 КО Кочани

На исток РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ Кочани граничи со бензинска пумпа МАКПЕТРОЛ. На запад се граничи со бензинска пумпа ЛУКОИЛ. На север локацијата граничи со регионален пат Кочани-Виница, односно улица „Теодосиј Паунов“ и станбени објекти. На Јужната страна РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ Кочани граничи со Компанија Атом Стил, железничката пруга и земјоделско обработлива површина.

Главна дејност на друштвото РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ Кочани, во понатамошниот текст РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ е 29.32 Производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила. Една од фазите за обработка на металните делови при производство на деловите и другиот прибор за моторни возила е и површинска заштита на металите која се врши со фосфатирање и поцинкување, а електро полирањето зависи од потребата. Проектираниот капацитет на кадите за површинска заштита е 24 m3. Проектиранот капацитет на деловните активности кои се опфатени во производство на фрикциони ламели и притисни тела за сите видови патнички и товарни возила, трактори и земјоделска механизација а во годишна продукција од околу 700.000 броја притисни тела и 1.000.000 фрикциони ламели.

Напојувањето со вода на локацијата за технолошки потреби, санитарни потреби и за пиење се врши преку приклучок на водоснабдителниот систем од градот.

Отпадните технички води, санитарни води, како и испирните води од објектот, се приклучени на локална фекална канализациона мрежа и оттаму во канализациониот систем

на градот кои потоа водат до пречистителната станица во село Мојанци.

Комплексот со електрична енергија се снабдува од нисконапонска електродистрибутивна мрежа и трафостаница што се наоѓа во близина и сопствен агрегат, како и инсталирана фотонапонска централа за производство на електрична енергија.

Инсталацијата има склучени договори со овластени постапувачи со отпад за превземање на целокупниот отпад создаден во процесот на производство.

| **Други интегрирани дозволи поврзани со оваа инсталација** | | |
|---|---|---|
| Сопственик на дозволата | Број на дозвола | Дата на издавање |
| / | / | / |

| Заменети дозволи/Согласности/Овластувања поврзани со оваа инсталација | | |
|---|---|---|
| Сопственик | Референтен број | Дата на издавање |
| / | / | / |

**Комуникација**

Доколку сакате да контактирате со органот на локалната самоуправа надлежен за работите од областа на животната средина (во понатамошниот текст Надлежниот орган) во врска со оваа дозвола, Ве молиме наведете го бројот на дозволата.

За било каква комуникација, контактирајте го Надлежниот орган на адреса **ул. „Раде Кратовче“ бр. 1, Кочани.**

**Доверливост**

Дозволата го обврзува Операторот да доставува податоци до Надлежниот орган. Надлежниот орган ќе ги стави податоците во општинските регистри, согласно одредбите на Законот за животната средина. Доколку Операторот смета дека било кои од обезбедените податоци се деловно доверливи, може да се обрати до Надлежниот орган да ги изземе истите од регистарот согласно Законот за животната средина. За да му овозможи на Надлежниот орган да определи дали податоците се деловно доверливи, Операторот треба истите јасно да ги дефинира и да наведе јасни и прецизни причини поради кои бара изземање. Операторот може да наведе кои документи или делови од нив ги смета за деловно или индустриски доверливи, согласно Законот за животната средина, член 55 став (2) точка 4. Операторот ќе ја наведе и причината поради која Надлежниот орган треба да одобри доверливост. Податоците и причината за доверливост треба да бидат приложени кон барањето за интегрирана еколошка дозвола во посебен плик.

**Промени во Дозволата**

Оваа Дозвола може да се менува во согласност со Законот за животната средина и постапката за измена на Б-интегрираната еколошка Дозвола по барање на носителот на Дозволата или по службена должност, утврдена во член 11 од Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола (“Службен весник на РМ” бр. 04/06).

Органот надлежен за издавање на Б-интегрирана еколошка Дозвола на секои 7 (седум) години ќе ги проверува условите утврдени во Дозволата и доколку е потребно истите ќе ги промени.

Доколку Дозволата овластува изведување на посебни активности од областа на

управувањето со отпад, тогаш е потребно да се приложи уверение за положен стручен испит за управител со отпад за лицето задолжено за таа активност.

**Пренос на Дозволата**

Пред да биде извршен целосен или делумен пренос на Дозволата на друго лице, треба да се изготви заедничко барање за пренос на Дозволата од страна на постоечкиот и предложениот сопственик, во согласност со член 118 и член 134, став 2 од Законот за животната средина и во согласност со Правилникот за постапката за добивање Б-интегрирана еколошка Дозвола (“Службен весник на РМ” бр. 04/06).

**Одземање и престанок на дозволата**

Оваа дозвола се одзема доколку се исполни само еден од условите за одземање утврдени во согласност Законот за животната средина и во согласност со член 15 и член 16 од Правилникот за постапката за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола.

**Престанок на работа на инсталацијата**

При делумен или целосен престанок со работа на инсталацијата, Операторот го известува Надлежниот орган за намерата за престанок на работа на инсталацијата и е должен да му предложи план со мерки за ремедијација на локацијата на која се наоѓа инсталацијата, согласно член 120 од Законот за животната средина.

**Преглед на барани и доставени документи**

| Предмет | Датум | Коментар |
|---|---|---|
| Барање за добивање Б - интегрирана еколошка дозвола, бр. 22-287/1 | 14.04.2025 год. | |
| Известување по Барање за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола | 21.05.2025 год. | Извршен е увид во доставената документација од страна на Надлежниот орган |
| Корекции на Б – интегрирана еколошка дозвола по доставено известување | 12.06.2025 год. | Оператор |
| Записник од извршен увид, бр.22-287/3 | 19.06.2025 год. | **Извршен е увид во инсталацијата од страна** на Надлежниот орган |
| Објава на Барањето за добивање Б – интегрирана еколошка дозвола, бр.22-287/5 | 19.06.2025 год. | Барањето е објавено во дневен весник Вечер и на веб страна на општината на ден 02.07.2025 година. |
| Нацрт Б – интегрирана еколошка дозвола бр.22-287/6 | 04.08.2025 год. | Изготвена е Нацрт Б – интегрирана еколошка дозвола |
| Б – интегрирана еколошка дозвола бр.22-287/6 | 15.08.2025 год. | Изготвена е Б – интегрирана еколошка дозвола |

**Б - интегрирана еколошка дозвола**

**Дозвола бр. 22-287/8**

Општина Кочани во рамките на својата надлежност во согласност со член 95 од Законот за животната средина (“Службен весник на Република Македонија” бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/2010, 51/11, 123/12,93/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и “Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22 и 171/22), го овластува:

---

**РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ Кочани**
Со регистрирано седиште на
Адреса: **ул. „Тодосија Паунов“ бр. 2 Кочани**
Општина: **Кочани**
Поштенски број, Град: **2300 Кочани**
Држава: **Република Северна Македонија**
Број на регистрација на компанијата: **6948057**

---

**да раководи со Инсталацијата во рамките на Дозволата и условите во неа**

Целосен назив на инсталацијата:
**РУЕН – ИНОКС АВТОМОБИЛЕ ДООЕЛ Кочани**
Адреса: **ул. „Тодосија Паунов“ бр. 2 Кочани**
Општина: **Кочани**
Поштенски број, Град: **2300 Кочани**
Држава: **Република Северна Македонија**

**ОПШТИНА КОЧАНИ**
**по овластување на Градоначалникот**
**Бр. 08-8/4 од 03.05.2023 год.**
**Раководител на сектор за урбанизам,**
**заштита на животната средина и**
**комунални работи**

______________________________
**Дивна Цековска**

**Датум:**

15.08.2025 год.

## 1. Услови

### 1.1 Инсталација за која се издава Дозволата

1.1.1 Операторот е овластен да изведува активности и/или поврзани активности наведени во Табела 1.1.1

| Табела 1.1.1 | | |
|---|---|---|
| **Активност од Анекс 2 од УРЕДБА за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план** | **Опис на наведената активност** | **Граници на наведената активност** |
| **Прилог 2. Точка 2 –** Производство и преработка на метали<br>**Подточка 2.4**<br>Инсталација за површинска обработка на метал и на пластични материјали со електролитски или со хемиски процеси доколку волуменот на процесните резервоари е со капацитет од 5до 30 м3, волуменот на процесните резервоари за површинска заштита на метали е со капацитет од 24 $м^3$ . | Производство на други делови и дополнителен прибор за моторни возила | Волуменот на процесните резервоари за површинска заштита на метали е со капацитет од 24$м^3$. |

1.1.2 Активностите во условите 1.1.1 ќе се одвиваат само во границите на локацијата на инсталацијата, прикажана на Табела 1.1.2

| Табела 1.1.2 | |
|---|---|
| **Документ** | **Место во документацијата** |
| Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.**22-287/1** од **14.04.2025** година | N 41°54'47.3"<br>E 22°25'32.9 |







*Мапа на граници на локација на Инсталацијата*

1.3. Операторот на инсталацијата при користењето и управувањето со инсталацијата е должен да ги почитува сите услови и мерки утврдени со оваа дозвола.

1.4. Инсталацијата ќе работи, ќе се контролира, ќе се одржува и емисиите ќе бидат такви како што е наведено во оваа дозвола.

1.5. Операторот е должен да плаќа Годишен надоместок за поседување на Б – интегрирана еколошка дозвола, како и 10 % од годишниот надоместок за инспекциски надзор. Неплаќањето на надоместокот ќе претставува услов за одземање на дозволата и започнување на постапка за присилна наплата.

1.6. Оваа дозвола е само за потребите на Интегрирано спречување и контрола на загадувањето согласно Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и ништо од оваа дозвола не го ослободува операторот од обврските за исполнување на барањата и условите од други закони и подзаконски акти.

1.7. Операторот ќе ја реализира предложената Програма за подобрување во наведените рокови.

1.8. Во случај да постои ризик од хаварија и во случај на хаварија, операторот најитно ќе изврши испитување на почвата, подземните води и површинските води за проверка на евентуално загадување.

1.9. Операторот на видно место ќе постави план на кој што ќе бидат прикажани:

- начинот и операциите за складирање на отпадот;
- постапка за работа;
- постапки за итни случаеви;
- план за заштита од пожари;

1.10. Оваа дозвола е со важност од 7 (седум) години, сметајќи од денот на издавање на истата, по што надлежниот орган ги проверува условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите ги променува.

1.11. Операторот на инсталацијата е должен 1 (една) година пред истекот на рокот на важност на дозволата да поднесе барање до надлежниот орган за обнова на дозволата.

**2.Работа на инсталацијата**

Техники на управување и контрола

2.1.1 Инсталацијата за која се издава Дозволата согласно условите во оваа Дозвола ќе биде управувана и контролирана онака како што е опишано во Барањето за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

2.1.2 Инсталацијата за која се издава Дозволата ќе ја контролира обучен персонал кој ќе биде целосно запознаен со условите во Дозволата.

2.1.3 Назначено лице за прашањата и потребите од областа на животната средина е **Драган Јорданов.**

За обврските околу постапувањето/управувањето со отпадот кој се продуцира при обавување на дејноста во инсталацијата за која се издава Б-интегрираната еколошка дозвола, дотичниот правен субјект има ангажирано **управител за отпад** Драган Јорданов – Уверение број 12-2475/3 од 10.05.2025 година (во прилог на барањето во електронска форма е Програмата за управување со отпад 2022 – 2024 во која е внесено и наведеното Уверение).Надлежниот орган ќе биде известен во писмена форма за секоја промена.

2.1.4 Копија од оваа Дозвола, како и оние делови од барањето кои се земени предвид на оваа Дозвола ќе бидат достапни во секое време за секој вработен кој ја извршува работата за која се однесуваат некои од барањата во Дозволата.

2.1.5 Целиот персонал ќе биде целосно запознаен со оние аспекти од условите на Дозволата, кои се релевантни на нивните должности и ќе бидат поткрепени со соодветна обука и писмени оперативни инструкции за да се овозможи да ги извршуваат своите должности.

2.1.6 Операторот ќе достави копија од оваа Дозвола до секој вработен чии должности се поврзани со некои услови на оваа Дозвола.

2.1.7 Операторот ќе воспостави и ќе одржува процедури за идентификување на потребите од обука и за обезбедување на соодветна обука за целиот персонал чија работа може да има значително влијание врз животната средина. Операторот е должен да чува записи од одржаните обуки.

2.1.8 Операторот ќе воспостави програма за подигање на јавната свест и обука на вработениот персонал за да се обезбеди дека јавноста може да добие информации во врска со состојбата на животната средина од Операторот во секое време.

2.1.9 Операторот ќе воспостави и одржува програма за одржување на целата инсталација и соодветната придружна опрема која ќе има ефект врз состојбата на животната средина, врз основа на инструкциите кои се издадени од страна на производителите/добавувачите или инсталаторите на опремата. Операторот јасно ќе ја лоцира одговорноста за планирање, управување и извршување на сите аспекти од оваа програма на соодветните вработени лица.

## 2.2 Суровини ( вклучувајќи и вода )

2.2.1.Операторот, согласно условите од Дозволата, ќе користи суровини (вклучувајќи и водата) онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.2.1

| **Табела 2.2.1 : Суровини (вклучувајќи и вода)** | | |
|---|---|---|
| Опис | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Проводна сол за цинкување | **Поглавје 4**<br>**Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола** | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Сол за корекција Zn118 ZnCl2 | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| RenolinB15Zincbis[O,obis(2ethylhexyl)](dithiophshate) 2.6-di-tertbutylphenol | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Ацетон | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Етил алкохол(етанол) | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Дисогас (ацетилен) | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Сулфурна киселина | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Хлороводородна киселина | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Средство за фосфатирање 21-lll-N HNO3,ZnO,H3PO4 | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Амонијак | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Средство за одмастување Хемиски одмастувач А-112 Na2CO3, Na3PO4x12 H2O | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Нафта | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |

| | | |
|---|---|---|
| Пропан бутан | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Моторно масло | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Машинско масло | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Клингерит (картон пресован со смола)<br>Baymond10%<br>PS440 20%<br>Kevlar 15% | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Нитро бои | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Разредувач (промин и нитро) | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Хидраулично масло и масло за чистење на хидраулични системи | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Емулзија | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Масло за калење | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Масло за антикорозивна заштита | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Грест-маст за подмачкување | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Трафо масло<br>Nitro 3000x | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Глицерин | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Гел за заштита од влага на пакуван производ | **Поглавје 4**<br>Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |

2.2.2. Операторот ќе обезбеди безбедно чување на суровините и ќе се грижи за интегритетот на складиштето.

2.2.3. Суровините треба да се чуваат на места и начин што ќе спречува нивно истурање и истекување.
2.2.4. Сите суровини јасно ќе бидат означени за да се знае нивната содржина.
2.2.5. Операторот ќе ги оддели суровините кои во меѓусебен контакт или во контакт со вода може да развијат реакција или да се растворат.
2.2.6. Операторот поседува дозвола за користење на вода издадена од Министерството за животна средина и просторно планирање. Операторот треба да ја обновува дозволата за користење на вода пред истекот на важност и примерок од истата да доставува до Надлежниот орган.
2.2.7. Операторот е должен да се придржува во целост до издадената дозвола за користење на вода.

**2.3 Ракување и складирање на отпадот**

2.3.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе ракува и ќе го складира отпадот онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.3.1, или на друг начин договорен со Надлежниот орган на писмено

| **Табела 2.3.1 : Ракување и складирање на отпадот** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Метален отпад, шпон, секанец и шкарт отпад од пакување не загадено со опасни материјали | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од пакување хартија и картон | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од пакување пластика | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од пакување од дрво, оштетени палети и | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Искористени гуми од возила | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |

| | | |
|---|---|---|
| Отпад од машинско масло | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од моторно масло | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од емулзија | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од масло за калење | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од хидра улично масло | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од клингерит (пресован картон со смола) | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отппад од Трафо Масло Nitro 3000x Nitro shell Diala D | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Отпад од глицерин | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |
| Комунален и комерцијален отпад | **Поглавје 5** Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола | **22-287/1 од 14.04.2025** |

| Табела 2.3.2 : Отпад складиран на самата локација | | | |
|---|---|---|---|
| **Опис на отпадот** | **Место на складирање на самата** | **Начин на складирање** | **Услови на складирање** |
| Метален отпад, шпон, секанец и шкарт отпад од пакување не загадено со опасни материјали | Бетонски бункери | Времено складирање | Го подигнува овластен или договорен оператор овластена за постапување со не опасен отпад за рециклирање |
| Отпад од пакување хартија и картон | Бетонски бункери и контејнер | Времено складирање | Го подигнува овластен или договорен оператор |
| Отпад од пакување пластика | Бетонски бункери и контејнер | Времено складирање | Го подигнува овластен или договорен оператор |
| Отпад од пакување од дрво, оштетени палети и амбалажни сандаци | надземен бетонски бункер | Складирање на локацијата | Го подигнува овластен или договорен оператор |
| Искористени гуми од возила | Магацин | Складирање на локацијата | Го подигнува овластен или договорен оператор |
| Отпад од клингерит (пресован картон со смола) | Бетонски бункери и контејнер | Складирање на локацијата | Го подигнува овластен или договорен оператор |
| Комунален и комерцијален отпад | Метален контејнер | Складирање на локацијата | Го подигнува овластен или договорен оператор |

2.3.2. Отпадот ќе се складира на места посебно определени за тоа и ќе биде соодветно заштитен од преливање и истекување на течности. Садовите и просториите каде ќе се складира отпадот јасно ќе бидат означени.

2.3.3. Операторот секој вид на отпад соодветно ќе го одделува и нема да го меша при складирањето.

2.3.4. Отпадот кој се испраќа надвор од инсталацијата за рециклирање и одлагање ќе се транспортира само од страна на овластено лице на начин кој нема да има штетно влијание врз животната средина во согласност со националното законодавство.

2.3.5. Отпадот кој е наменет за транспортирање задолжително ќе биде спакуван и означен на соодветно пропишаниот начин со што ќе се обезбеди целосна заштита на животната средина, животот и здравјето на луѓето.

2.3.6. Операторот редовно ќе ги обновува договорите со овластените правни лица за превземање на сите видови отпад.

2.3.7. Операторот ќе го извести Надлежниот орган за било каква промена во однос на количините, видовите на отпад и било каква промена во договорите за превземање на отпад.

2.3.8. Операторот нема да врши депонирање, горење или согорување на отпад во границите на инсталацијата.

2.3.9. Операторот е должен да води евиденција за отпадот во согласност со член 39 од Законот за управување со отпадот, која ќе биде достапна за инспекциски надзор од страна на овластени лица на Надлежниот орган во секое време. За предавање на било кој вид на отпад на овластени постапувачи операторот е должен да поседува соодветен документ со кој се докажува предавањето на отпадот, идентификационен и транспортен формулар.

2.3.10. Операторот ќе изготви и реализира Програма за управување со отпад доколу во вршење на својата дејност во текот на една календарска година создава повеќе од 200 килограми опасен отпад и/или повеќе од 150 тони неопасен отпад, согласно член 21 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РМ“ бр. 68/04, 71/04, 107/07, 102/08, 143/08, 124/10, 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15 и 156/15).

## 2.4 Преработка и одлагање на отпад

2.4.1. Операторот, согласно условите од дозволата, ќе го преработува и одлага отпадот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.4.1 или на друг начин договорено написмено со Надлежниот орган.

| Табела 2.4.1<br>Искористување и отстранување на отпадот | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| НЕМА ПРЕРАБОТКА НА ОТПАД ВО ГРАНИЦИТЕ НА ИНСТАЛАЦИЈАТА | | |

2.4.2 Во границите на инсталацијата смее да се одлага исклучиво инертен отпад.

## 2.5 Спречување и контрола на хаварии

2.5.1 Операторот, согласно условите во Дозволата ќе ги спречи и ограничи последиците од хаварии, онака како што е опишано во документите наведени во Табела 2.5.1

| Табела 2.5.1<br>Спречување и контрола на несакани дејствија | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје XIII<br>Спречување на хаварии и реагирање во итни случаи | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр. 22-287/1 | 14.04.2025 година |

2.5.2. Во случај на несреќа Операторот треба да:

• го изолира изворот на било каква емисија;

• спроведе неодложна истрага за да се идентификува природата, изворот и причината на било која емисија која произлегла од тоа;

• го процени загадувањето на животната средина, ако го има предизвикано со инцидентот;

• идентификува и спроведе мерки за минимизирање на емисиите;

• забележи датум и место на несреќа;

• го извести Надлежниот орган и другите релевантни власти;

• превземе активности за санација.

2.5.3. Операторот е должен во случај на хаварија веднаш да го извести Надлежниот орган и органот на државната управа надлежна за работите од областа на животната средина и да ги достави податоците кои се однесуваат на:

• Околностите во кои се случила хаваријата;

• Присутните опасни супстанции за време и после хаваријата;

• Податоците потребни за проценување на последиците по здравјето на луѓето и по животната средина, до кои дошло како резултат на хаваријата;

• Превземените вонредни мерки.

2.5.4. Операторот е должен за предвидените активности и мерки за безбедност, како и за начинот на постапување во случај на хаварија, да ги информира сите вработени лица.

2.5.5. Операторот ќе ги направи достапни до јавноста информациите за предвидените мерки и активности за безбедност, како и начинот на постапување во случај на хаварија.

2.5.6. Операторот ќе достави предлог до Надлежниот орган во рок од 1 (еден) месец од несреќата или како што е одобрено од страна на Надлежниот орган. Предлогот треба да има за цел да:

• Идентификува и постави мерки за да се избегне повторно случување на несреќата;

• Идентификува и постави било какви други активности за санација.

## 2.6 Мониторинг

2.6.1. Операторот, согласно условите во дозволата, ќе изведува мониторинг, ќе го анализира и развива истиот како што е опишано во документите наведени во Табела 2.6.1 или на друг начин писмено договорен со Надлежниот орган.

| **Табела 2.6.1<br>Мониторинг** | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е применo** |
| Поглавје XI<br>Точки на мониторинг на емисии и земање примероци | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-287/1 | 14.04.2025 година |

2.6.2. Операторот ќе обезбеди:

**а.** безбеден и постојан пристап до мерните места, за да се овозможи земањето примероци /мониторингот да биде изведено во релација со точките на емисија наведени во Додаток 2, освен ако не е поинаку наведено во додатокот; и

**б.** безбеден пристап до други точки на земање примероци/мониторинг, кога тоа ќе го побара Надлежниот орган.

2.6.3. Земањето примероци и анализите ќе се изведуваат според пропишаните стандарди за анализа на примероците.

2.6.4 Се задолжува Операторот редовно да доставува извештај од извршените мерења од мониторингот што ќе го врши овластена лабораторија акредитирана за мерења на сите параметри наведени во Дозволата.

2.6.5 Фреквенцијата, методите и обемот на мониторинг, начинот на земање на примероци и анализа ќе се извршуваат како што е наведено во оваа Дозвола или може да се изменат во согласност со Надлежниот орган кој ќе ја следи проценката на доставените резултати.

## 2.7 Престанок со работа

2.7.1 Операторот, согласно условите во Дозволата, ќе обезбеди услови за престанок на работата на инсталацијата како што е опишано во документите наведени во Табела 2.7.1 или на друг начин договорен со Надлежниот орган во писмена форма.

| Табела 2.7.1<br>Престанок со работа | | |
|---|---|---|
| **Опис** | **Документ** | **Дата кога е примено** |
| Поглавје XIV<br>Ремедијација, престанок со работа, повторно започнување со работа и грижа по престанок на активностите | Барање за Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-287/1 | 14.04.2025 година |

2.7.2 Согласно Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола (“Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), Операторот ќе го извести Надлежниот орган за намерата за престанок на активноста, при што ќе достави детален план за престанок на активноста со временски распоред за извршување на условите утврдени со оваа Дозвола и финансиски импликации.

2.7.3 Планот треба да содржи:

- Изјава за обемот на планот
- Критериумите кои дефинираат успешен престанок со работа на активностите или на дел од нив, кој ќе обезбеди мнинимум влијание врз животната средина
- Програма за постигнување на наведените критиериуми
- Финансиски детали за планот и како тие ќе бидат обезбедени

2.7.4 Операторот ќе обезбеди јасна и детална проценка на ризикот од еколошка одговорност што ќе ги опфати одговорностите/обврските од минатите и сегашните активности. Оваа проценка ќе ги вклучи одговорностите/обврските и трошоците за исполнување на планот за управување со ризикот по затварање на инсталацијата.

2.7.5 Обврската за враќање на животната средина во задоволителна состојба по престанок на работата на инсталацијата од страна на Операторот ќе се изврши во согласност со членот 120 од Законот за животната средина.

## 2.8 Инсталации со повеќе оператори

2.8.1 Со инсталацијата за која се издава Дозволата управува само 1 (еден) Оператор.

2.8.2 Дозволата е валидна само за оние делови од инсталацијата што се означени на мапата во Делот 1.1.2 од оваа Дозвола.

## 3. Документација

3.1.1 Документацијата ќе содржи податоци за:

- секоја неисправност, дефект или престанок на работата на постројката, опремата или техниките (вклучувајќи краткотрајни и долготрајни мерки за поправка) што може да има, имало или ќе има влијание на перформансите за животна средина што се однесуваат на инсталацијата за која се издава Дозволата. Овие записи ќе бидат чувани во дневникот воден за таа цел
- целиот спроведен мониторинг и земањето примероци и сите проценки и оценки направени на основа на тие податоци

3.1.2. Документацијата од 3.1.1. ќе биде достапна за инспекција од страна на Надлежниот орган во било кое пристојно време.

3.1.3. Копија од било кој специфициран или друг документ ќе му биде достапен на Надлежниот орган на негово барање и без надокнада.

3.1.4. Специфицираните и другите документи треба:

**а.** да бидат читливи;

**б.** да бидат направени што е можно побрзо;

**в.** да ги вклучат сите дополнувања и сите оригинални документи кои можат да ги приложат.

3.1.5. Операторот е должен специфицираната и другата документација да ја чува најмалку 5 (пет) години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата.

3.1.6. За целиот примен или создаден отпад во инсталацијата за која што се издава дозволата, операторот ќе има документација (и ќе ја чува најмалку пет години вклучувајќи го и престанокот со работа на инсталацијата) за:

**а.** составот на отпадот, или онаму каде што е можно, опис;

**б. најдобрата проценка на количината создаден отпад;**

**в. трасата на транспорт на отпадот за одлагање;**

**г.** најдобрата проценка на количината на отпад испратен на преработка;

**д.** имињата на правните лица задолжени за транспорт на отпад, како и детали околу добиената дозвола за постапување со отпад;

**ѓ.** количината на отпад испратена надвор од локацијата за отстранување/рециклирање;

**е.** детали за крајната дестинација на одложување/рециклирање на отпад и нејзината соодветност да го прифати упатениот отпад;

**ж.** документ за прифаќање и отстранување/преработка на отпад испратен надвор од локацијата;

**з.** количините и означување на типовите на отпад кои се рациклираат или одложуваат на локацијата, според Листата на видови на отпад („Сл. Весник на РМ“ бр. 100/05).

3.1.7. Операторот на инсталацијата за којашто се издава дозволата ќе направи записник, доколку постојат жалби или тврдења за нејзиното влијание врз животната средина. Во записникот треба да стои датум и време на жалбата, како и кратко резиме доколку имало било каква истрага по таа основа и резултати од истата. Таквите записи треба да бидат

чувани во дневник воден за таа цел и за истите ќе го извести Надлежниот орган.
3.1.8. Операторот е должен да ги чува следниве документи и при увид на инспекциски органи ќе овозможи увид на:
**а.** Дозволи поврзани со инсталацијата;
**б.** Записи од сите анализи, мерења, испитувања, калибрирања и одржување кое е извршено во согласност со барањата на оваа дозвола и целиот мониторинг кој се поврзува со перформансите во однос на животната средина на инсталацијата;
**в.** Целокупната писмена комуникација со Надлежниот орган.
3.1.9. Операторот ќе води записи за секој инцидент. Овој запис треба да вклучува детали за природата, обемот и влијанието на инцидентот, како и причините што довеле до него. Евиденцијата треба да ги вклучува и превземените корективни мерки за да се управува со инцидентот, да се минимизира генерираниот отпад и ефектот врз животната средина и да се избегне негово повторно случување. Операторот треба што е можно побрзо по известувањето за инцидентот, да му поднесе евиденција за инцидентот на Надлежниот орган.

**Редовни извештаи 4.1.1**.
Сите извештаи и известувања што ги бара оваа дозвола, операторот ќе ги испраќа до Надлежниот орган за животна средина. 4.1.2. Операторот ќе даде извештај за параметрите во Табела Д2 во Додаток 2:

**а. во однос на наведените емисиони точки;**
**б.** за периодите за кои се однесуваат извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2;
**в.** давање на податоци за вакви резултати и проценки како што може да биде барано од страна на формуларите наведени во тие табели;
**г.** Извештаите наведени во Табела Д2 од Додаток 2 ќе се доставуваат до Надлежниот орган 14 дена од истекот на периодот за кој се известува, утврден во оваа дозвола.

### 5. Известувања

5.1.1 Операторот ќе го извести Надлежниот орган без одложување:

**а** кога ќе забележи емисија на некоја супстанција која го надминува лимитот или критериумот на оваа Дозвола, наведен во врска со таа супстанција

**б** кога ќе забележи фугитивна емисија што предизвикала или може да предизвика загадување, освен ако емитираната количина е многу мала да не може да предизвика загадување

**в** кога ќе забележи некаква неисправност, дефект или престанок на работата на постројката или техниките, што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување и

**г** било какво несакано дејство што предизвикало или има потенцијал да предизвика загадување.

5.1.2 Операторот ќе даде писмено известување што е можно побрзо, за секое од следниве:

**а.** преманентен престанок на работата на било кој дел или целата инсталација за која се издава дозволата;

**б.** престанок на работата на дел или на целата инсталација за која се издава дозволата, со можност да биде подолг од 1 (една) година; и

**в.** повторно стартување на работата на некој дел или целата инсталација за која што се издава дозволата, по престанокот со известување според 5.1.2. (б).

5.1.3. Операторот ќе даде писмено известување во рок од 14 дена пред нивното појавување, за следниве работи:

**а.** било каква промена на трговското име на Операторот, регистарско име или адресата на регистерската компанија;

**б.** промена на податоците за холдинг компанија на Операторот (вклучувајќи и податоци за холдинг компанијата кога операторот станува дел од неа); и

**в.** за активности кога операторот оди во стечај, склучува доброволен договор или е оштетен.

## 6. Емисии

### 6.1 Емисии во воздух

6.1.1 Емисиите во воздух од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.1 и 6.1.2 ќе треба да произлегуваат само од извор(и) специфицирани во Табелата.

| **Табела 6.1.1<br>Емисии во атмосферата** | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/опис** | **Извор** | **Локација на точката на емисија** |
| **ММ1 – Котел 1 – Пелети од дрво**<br>0,8 m од излезот на ложиштето | Фугитивна емисија од инсталацијата | N 41°54'49"<br>E 22°25'32" |
| **ММ2 - Котел 2 – Пелети од дрво**<br>1,7 m од излезот на ложиштето | Фугитивна емисија од инсталацијата | N 41°54'50"<br>E 22°25'33" |
| **ММ3 - Котел 3 – Пелети од дрво**<br>1,8 m од излезот на ложиштето | Фугитивна емисија од инсталацијата | N 41°54'50"<br>E 22°25'33" |
| **ММ4 - Котел 4 – Пелети од дрво**<br>1,9 m од излезот на ложиштето | Фугитивна емисија од инсталацијата | N 41°54'50"<br>E 22°54'50" |

6.1.2. Границите на емисиите во воздух за параметарот(рите) и точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.1.2. нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.1.3. Временските периоди од 6.1.2 соодвествуваат на оние од прифатената програма за подобрување во поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.1.4. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.1.2, на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа Табела.

| **Табела 6.1.2: Граници на емисиите во воздух** | | |
|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија:**<br>**Вкупна фугитивна емисија од инсталацијата**<br><br>N 41°54'49"<br>E 22°25'32"<br>N 41°54'50"<br>E 22°25'33"<br>N 41°54'50"<br>E 22°25'33"<br>N 41°54'50"<br>E 22°54'50" | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **ГВЕ (гранични вредности на емисија) (µg /m3)** | |
| ПМ10 | 50 µg /m3 | Еднаш годишно |

6.1.5. Емисиите од инсталацијата не треба да содржат нападен мирис надвор од границите на инсталацијата.

6.1.6. Емисиите во воздухот, освен пареа и кондензирана водена пареа, не треба да содржат капки од перзистентна магла и перзистентен чад.

6.1.7. Емисиите не треба да содржат видлив чад. Ако, поради причини на одржување, емисиите на чад се предизвикани од повторно стартување од ладно, истото не треба да трае
подолго од 20 минути во било кој период од 8 часови и сите практични чекори треба да се превземат за да се минимизира емисијата.

6.1.8. Операторот ќе врши редовно прскање на пристапните патишта и дворната површина на инсталацијата заради спречување на создавање на прашина.

## 6.2 Емисии во почва

6.2.1 Нема емисии во почва согласно Прилог VIII од Барањето за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-398/1 од 18.11.2024 година.

6.2.2 Операторот ќе го извести Надлежниот орган за секоја непредвидена емисија во почвата.

**Табела 6.2.3**
**Точки на емисија/мерни места во почва**

| Ознака на точка на емисија/мерно место | Извор | Фреквенција на мониторинг |
|---|---|---|
| | Нема емисии во почва | |

## 6.3 Емисии во вода ( различни од емисиите во канализација )

6.3.1 Нема емисии во површинските води кои потекнуваат од технолошкиот процес согласно Прилог VII од Барањето за добивање Б-интегрирана еколошка дозвола бр.22-287/1 од 14.04.2025 година.

| Табела 6.3.2<br>Точки на емисија/мерни места во вода ( различни од емисиите во канализација ) | | |
|---|---|---|
| **Ознака на точка на емисија/мерно место** | **Извор** | **Фреквенција на мониторинг** |
| | Нема емисии во вода | |

6.3.2. Границите на емисиите во вода за параметарот(ите) и точката(ите) на емисија поставени во Табела 6.3.2 нема да бидат пречекорени во соодветниот временски период.

6.3.3. Временските периоди од 6.3.2 соодветствуваат на оние од прифатената програма за подобрување од поглавјето 8 од оваа дозвола.

6.3.4. Операторот ќе изведува мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.3.2 на точките на емисија и најмалку на фреквенции наведени во таа табела.

| Табела 6.3.2: Граници на емисиите во вода | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметри** | **Ознака на точка на емисија** | | **Фреквенција на мониторинг** |
| | **До (датум)** | **Од (датум)** | |
| | / | / | |

6.3.5. Не смее да има емисии во вода од страна на инсталацијата за која се издава дозволата, на било која супстанција пропишана за вода за која нема дадено граници во Табела 6.3.2, освен за концентрации кои не се поголеми од оние кои веќе ги има во водата.

6.3.6. Операторот ќе зема примероци и ќе врши мониторинг на местото на испустот наведен во табела 6.3.6.

## 6.4 Емисии во канализација

6.4.1 Емисијите во канализација од точката(ите) на емисија наведени во Табела 6.4.1 ќе потекнуваат сам од изворот(ите) наведени во таа табела.

| Табела 6.4.1: Точка на емисија во канализација | | |
|---|---|---|
| Ознака на точка на емисија | Извор | Канализација |
| ММ1 | Собирна шахта | |

## 6.5 Емисии на топлина

6.5.1. Од инсталацијата за која се издава оваа дозвола нема да има емисии на топлина.

## 6.6 Емисии на бучава и вибрации

6.6.1. Емисиите на бучава од локацијата треба да бидат во согласност со стандардите пропишани со националното законодавство и тоа:
• Одлуката за утврдување во кои случаи и под кои услови се смета дека е нарушен мирот на граѓаните од штетна бучава („Службен весник на РМ“ бр.01/09);
• Правилникот за локациите на мерни станици и мерни места („ Службен весник на РМ“ бр.120/08);
• Правилник за граничните вредности на нивото на бучава во животната средина („Службен весник на РМ“ бр.147/08).

6.6.2. Инсталацијата се наоѓа во подрачје од IV Степен (Табела 6.6.2)

| **Табела 6.6.2: Дозволени емисии на бучава dB (A)** | | | |
|---|---|---|---|
| | Lд | Lв | Lн |
| Подрачје од I степен | 50 | 50 | 40 |
| Подрачје од II степен | 55 | 55 | 45 |
| Подрачје од III степен | 60 | 60 | 55 |
| **Подрачје од IV степен** | **70** | **70** | **60** |

6.6.3. Емисиите на бучава во животната средина нема да ја надминат границата утврдена во Табела 6.6.3 надвор од границата на инсталацијата. Доколку измерените вредности на ниво на бучава бидат поголеми од дозволените гранични вредности, Операторот на инсталацијата ќе предвиди и ќе спроведе дополнителни мерки за намалување на нивото на бучава.

| **Табела 6.6.3: Граници на ниво на бучава во животната средина** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Параметри | Мерни места:<br>**ММ1**: N $41^{0}$54'44″ E $22^{0}$25'35″<br>**ММ2**: N $41^{0}$54'45″ E $22^{0}$25'33″<br>**ММ3**: N 41054'51″ E $22^{0}$25'29″<br>**ММ4**: N $41^{0}$54'49″ E $22^{0}$25'38″<br>**ММ5**: N $41^{0}$54'46″ E $22^{0}$25'33,5″<br>**ММ6**: N $41^{0}$54'52″ E $22^{0}$25'36″ | | | Фреквенција на мониторинг |
| Ниво на бучава | Lд(dBA) | Lв(dBA) | Lн(dBA) | |
| | 70 | 70 | 60 | Еднаш годишно |

6.6.4. Операторот ќе врши мониторинг на параметрите наведени во Табела 6.6.3 на точките на емисија и најмалку на фреквенциите наведени во таа Табела.

6.6.5. Мониторингот на нивото на бучава ќе се врши при полн обем на работа на инсталацијата.

## 7. Пренос од пречистителна станица за отпадни води

7.1.1. Постапката на печатење е сува. Изворите на емисии на отпадни води во индустријата за печатење се поврзани со процесите на подготовка на плочите во многу мали количини. Станува збор за многу мали количини на ваков вид на отпадни води, и поради тоа нивното влијание е незначително. Вода се користи и за санитарни потреби, што значи од Инсталацијата како отпадна вода се јавува главно санитарната отпадна вода. Отпадните води од Инсталацијата одат преку сопствена и градска канализациона мрежа и се носат во пречистителна станица во село Мојанци.

## 8. Програма за подобрување

8.1.1 Операторот ќе ги спроведува договорените мерки наведени во Табела 8.1.1, заклучно со датумот наведен во таа табела и ќе испрати писмено известување до Надлежниот орган за датумот кога била комплетирана секоја мерка, во рок од 14 дена од завршувањето на секоја од тие мерки.

| **Табела 8.1.1: Програма за подобрување** | | |
|---|---|---|
| **Ознака** | **Мерка** | **Датум на завршување** |
| **8.1.** | Дефинирање на политика за заштита на животната средина | континуирано |
| **8.2.** | Заштита од непланирани испусти на загадувања од вода | континуирано |
| **8.3.** | Уредно складирање на хемикалии и други опасни материи | континуирано |
| **8.3.** | Обука на вработените за заштита и унапредување на животната средина | континуирано |
| **8.4.** | Оптиматизација на процесите | континуирано |
| **8.5.** | Одржување | континуирано |
| **8.6.** | Монитринг | континуирано |
| **8.7.** | Балансирано користење на хемиските средства | континуирано |
| **8.8.** | Мерење на емисии во воздух | континуирано |
| **8.9.** | Намалување на количината на издувни гасови во атмосфера | континуирано |
| **8.10.** | Превенција од испуштање на опасни материи во канализација | континуирано |
| **8.11.** | Раководење со енергија | континуирано |
| **8.12.** | Раководење со суровини | континуирано |
| **8.13.** | Техники на чистење | континуирано |
| **8.14.** | Постапување со гасови | континуирано |
| **8.15.** | Постапување со истпусната вода | континуирано |
| **8.16.** | Намалување на количината на метален отпад | континуирано |
| **8.17.** | Намалување на бучава | континуирано |

## 9.Договор за промени во пишана форма

9.1.1 Кога својството или како што е друго договорено написмено се користи со услов од Дозволата, Операторот ќе бара таков договор на следниот начин:

**а** Операторот ќе му даде на Надлежниот орган писмено известување за деталите на предложената промена, означувајќи го релевантниот(те) дел(ови) од оваа Дозвола и

**б** Ваквото известување ќе вклучува проценка на можните влијанија на предложената промена (вклучувајќи создавање отпад) како ризик за животната средина од страна на инсталацијата за која се издава Дозволата.

9.1.2 Секоја промена предложена според условот 9.1.1 и договорена писмено со Надлежниот орган, може да се имплементира само откако Операторот му даде на Надлежниот орган претходно писмено известување за датата на имплементација на промената. Почнувајќи од тој датум, Операторот ќе ја управува инсталацијата согласно таа промена и за секој релевантен документ што се однесува за тоа, Дозволата ќе мора да се дополнува.

9.1.3 Сите позначајни промени во инсталацијата или работите поврзани со неа, а кои се од типот на:

- Материјална промена или зголемување на
  - Природата или количината на било која емисија
  - Системите за намалување/третман или преработка
  - Опсег на процесите што се изведуваат
  - Горивата, суровините, меѓупродуктите, продуктите или создадениот отпад или

- Било каква промена на:

  о Инфраструктурата на управување со локацијата или контрола на негативен ефект врз животната средина;

  о Било каква промена која може да има влијание врз животната средина

  о Било каква промена на превземачот.

ќе се изведуваат или ќе започнат со предходно известување за тоа и во договор со Надлежниот орган.

## 10.Додаток 1

10.1 Писмена потврда за условот 5.1.1 ( известувања ), согласно условот 5.1.2

Овој Додаток ги прикажува информациите што Операторот треба да ги достави до Надлежниот орган за да го задоволи условот 5.1.2 од оваа Дозвола.

Мерните единици користени во податоците прикажани во делот А и Б треба да бидат соодветни на условите на емисијата. Онаму каде што е можно, да се направи споредба на реалната емисија и дозволените граници на емисијата.

Ако некоја информација се смета за доверлива, треба да биде одделена од оние што не се доверливи, поднесена на оддетален лист заедно со барање за комерцијална доверливост во согласно со Законот за животната средина.

Потврдата треба да содржи

**Дел А**

☐ Име на Операторот.
☐ Број на Дозвола.
☐ Локација на инсталацијата.
☐ Датум на доставување на податоци.
☐ Време, датум и локација на емисијата.
☐ Карактеристики и детали на емитираната(ите) супстанција(и), треба да вклучува:
☐ Најдобра проценка на количината или интензитетот на емисија и времето кога се случила емисијата.
☐ Медиум на животната средина на кој што се однесува емисијата.
☐ Превземени или планирани мерки за стопирање на емисијата.

**Дел Б**

☐ Други попрецизни податоци за предметот известен во Делот А
☐ Превземени или планирани мерки за спречување за повторно појавување на истиот проблем.
☐ Превземени или планирани мерки за исправување, лимитирање или спречување на загадувањето или штетата на животната средина што може да се случи како резултат на емисијата.
☐ Датуми на сите известувања од Делот А за време на претходните 24 месеци.

☐ Име ☐ Пошта.................................
☐ Потпис ☐ Датум
☐ Изјава дека потпишаниот е овластен да потпишува во име на Операторот.

## 11.Додаток 2

11.1 Извештаи за податоците од мониторингот
Параметрите за кои извештаите ќе бидат направени, согласно условите 4.1.2 од оваа Дозвола, се наведени подолу

| Табела Д2: Извештаи за податоците од мониторингот | | | |
|---|---|---|---|
| **Параметар** | **Точка на емисија** | **Период за давање извештаи** | **Почеток на периодот** |
| Мониторинг на фугитивни емисии (Табела 6.1.2) | N 41°54'49'' E 22°25'32''<br>N 41°54'50'' E 22°25'33''<br>N 41°54'50'' E 22°25'33''<br>N 41°54'50'' E 22°54'50'' | 1 x годишно | 14 дена од истекот на годината за која се поднесува извештај |
| Мониторинг на бучава (Табела 6.6.3) | Мерни места:<br>**ММ1**: N 41⁰54'44″ E 22⁰25'35″<br>**ММ2**: N 41⁰54'45″ E 22⁰25'33″<br>**ММ3**: N 41054'51″ E 22⁰25'29″<br>**ММ4**: N 41⁰54'49″ E 22⁰25'38″<br>**ММ5**: N 41⁰54'46″ E 22⁰25'33,5″<br>**ММ6**: N 41⁰54'52″ E 22⁰25'36″ | 1 x годишно | 14 дена од истекот на годината за која се поднесува извештај |
| Мониторинг на емисии во површинска вода (Табела 6.3.2) | / | / | / |